Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.08.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numer | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 01 | 2786/20 | 1 | |

Во продолжение промените кои АЛФА ТВ ги предложи на состанокот во АВМУ денеска на 22.08.2023 година, а се однесуваат на НАЦРТ – **ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ, ПРОСТОРНИ, ФИНАНСИСКИ И КАДРОВСКИ УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКО ЕМИТУВАЊЕ**

Измените се однесуваат на Член 21 од Нацрт - Правилникот

Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос да има најмалку:

1) 90 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку терестријален предавател;
2) 50 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит;
3) 15 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д1-Скопје;
4) 10 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионите: Д1-Црн Врв, Д2-Страцин, Д3-Туртел, Д4-Боскија, Д5-Пелистер, Д6-Мали Влај и Д8-Попова Шапка;
5) 5 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д7-Стогово;
6) 10 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители;
7) 8 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје од 10.000 до 50.000 жители;
8) 5 лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 10.000 жители.

Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат е должен во редовен работен однос да има најмалку:

1) 15 лица ако има дозвола за емитување програма на државно ниво;
2) 5 лица ако има дозвола за емитување програма на регионално ниво;
3) 2 лица ако има дозвола за емитување програма на локално ниво.